Република Македонија
Влада на Република Македонија

[redacted]

Бр. 41-8393/1
Скопје, 19.11.2013 год

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија

Илинден бр.2
1000 Скопје
Република Македонија
Тел. (02) 3118 - 022

www.vlada.mk

**ДО АД ЗА „ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

**<u>С К О П Ј Е</u>**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Сто шеесет и седмата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 19.11.2013 година**

**„ТОЧКА 6:** Информација со прогрес на активности за реализација на големи проекти

Владата ја разгледа Информацијата со прогрес на активности за реализација на големи проекти, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, да ја извести Светската банка дека проектот „Луково Поле" ќе се реализира без зафатот Пројфел (Длабока Река).

2. Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Македонија, во државна сопственост, во втората недела на јануари 2014 година, да достави до Владата информација за прогрес на проектот „Топлификација на Битола, Могила и Новаци прва фаза", а потоа квартално да информира до крајот на 2015 година.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во измените на Законот за градење да вгради одредби во смисла на тоа дека може да се издаде одобрение и да се започне со изградба на топлификациона мрежа, хидроцентрали, брани и акумулации и без решени имотно-правни односи."

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Кирил Божиновски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
**-Министерство за транспорт и врски**

Подготвил: Љупчо Петковски
Контролирал: Љубица Р.Димовска
Одобрил: Митра Спасовска

[redacted]